# ИНФОРМАТОР

vitaminka.company

Бр. 36 јули 2025




Фокус на ...

## Моќни и успешни 2025 првата продажна конференција на Витаминка

Стр. 6

Издвојуваме

## Повторно најпосакуван работодавач

Стр. 16

Вложуваме во образование

## Креативна синергија: Витаминка + Пајак + Loop

Стр. 36

# СОДРЖИНА



Стр. 7

**Моќни и успешни 2025 првата продажна конференција на Витаминка**



Стр. 10

**Моќни и успешни: Тим билдинг на Копаоник**




Стр. 26

**Македонија центар на џудото во Европа**



Стр. 37

**Креативна синергија: Витаминка + Пајак + Loop**

*Воведник*

***Знаењето и партнерствата - патокази кон иднината на Витаминка***

Во Витаминка секогаш сме верувале дека вистинската сила на една компанија лежи во нејзините луѓе – во нивната желба за учење, во нивната љубопитност и во нивната амбиција да бидат подобри од вчера. Токму затоа, вложувањето во знаењето е повеќе од обврска – тоа е наш патоказ кон иднината. Овој број на Информаторот раскажува за многубројните обуки, едукации и панел-дискусии кои не се само календарски настани, туку живи искуства што ги обликуваат нашите тимови и им даваат нова перспектива.

Од Design Thinking обуките, кои нè учат како да размислуваме надвор од вообичаените рамки, преку учествата на меѓународни конференции како DynamicsMinds 2025 и престижниот China-CEEC Expo во Кина, па сè до регионалните разменувања на знаења за безбедност и квалитет на храната – секоја ваква активност е доказ дека Витаминка чекори рамо до рамо со најновите светски трендови. Нашите луѓе се во постојана потрага по нови идеи, нови решенија и нови хоризонти, со јасна цел: да ја правиме Витаминка уште посилна, поиновативна и поуспешна. Но, приказната за напредокот не завршува тука. Вториот столб на нашиот успех се соработките. Витаминка одамна ја надмина рамката на компанија која создава само производи – таа стана партнер, сојузник и поддржувач на бројни иницијативи, организации и настани. Соработките со амбасади, стопански комори, спортски федерации, културни институции, па дури и со младински организации и фестивали, отвораат нови перспективи и ни овозможуваат да бидеме дел од поширoката заедница.

Присуството на свечени приеми, како оној на Амбасадата на Црна Гора, заедничките активности со Македонско-Германското стопанско здружение, учествата на форуми за родово одговорни политики, поддршката за локалната економија и туризмот преку настани како „Марили Бизнис Форум 2025", се само дел од мозаикот на нашата општествена одговорност. Овие партнерства не носат само престиж или видливост, туку создаваат вредност, нови можности и силно чувство на заедништво.

Секое ново искуство, секоја нова врата што ја отвораме преку овие обуки или соработки, е дел од големата слика наречена Витаминка – компанија која расте, се надградува и ја гради својата иднина со цврсти чекори.

Со овој број на Информаторот, ве покануваме да прошетате низ страниците и да ја почувствувате енергијата, посветеноста и визијата што стојат зад секоја наша активност. Да видите како заедно, чекор по чекор, создаваме приказна што не инспирира сите нас – денес и во годините што доаѓаат.

*За Почеток...*

# Сензорната анализа низ практика и искуство - Витаминка вложува во квалитет




Во духот на континуирано учење и професионален развој, успешно е завршена тридневната обука посветена на сензорната анализа на храна, која се одржа во соработка со врвни експерти од Научниот институт за прехранбени технологии од Нови Сад, Србија. Оваа обука претставува значаен чекор кон унапредување на нашите интерни знаења и стандарди во оценувањето на квалитетот на производите.

Преку интерактивни работилници, практични примери и плодна размена на искуства, учесниците ги проширија своите знаења и вештини за препознавање, оценување и унапредување на сензорните карактеристики на храната.

Ваквите иницијативи се важен дел од стратегијата на Витаминка за градење силен, стручен и посветен тим кој чекори со најдобрите практики во индустријата.


vitaminka


vitaminka

*За Почеток...*

# Успешна приказна од Јапонија: Витаминка во центарот на иновациите

Како дел од Програмата за Иновациски менаџмент за Источна Европа (EEIM) директорот на секторот за правни и општи работи од 2 до 20 март 2025 година, беше во посета на Токио, Јапонија, организирана од AOTS и присуствуваше на повеќе предавања и обуки.

Ѓорѓиоски и неговиот тим имаа можност да слушаат предавања од водечки експерти, да остварат средби со јапонски компании и да ја посетат производствената база на четири компании во Осака, познати по примената на иновативни практики и производи.

Финалниот проект изработен од Орде Ѓорѓиоски и неговиот тим беше прогласен за најдобар меѓу завршните презентации на програмата.

Витаминка со години е активен партнер во програмите на AOTS, а ваквите обуки ја потврдуваат посветеноста кон континуирано професионално усовршување и воведување иновации во компанијата.









*Информатор*

*Фокус на ...*

# „Моќни и успешни 2025“ - првата продажна конференција на Витаминка

Комерцијалниот тим на Витаминка се собра во Берово на првата Продажна конференција „Моќни и успешни 2025“, што се одржа од 4 до 6 април. Тимот имаше можност преку три дена полни со динамична програма, да работи на зајакнување на продажните вештини, унапредување на стратегиите и градење уште посилен тимски дух.

Конференцијата започна со обраќања од Илија Наумоски, оперативен директор, и Владимир Трпаноски, комерцијален директор, кои ги претставија продажните цели. Учесниците учествуваа и во мотивациска работилница под водство на Душан Рангелов и Горан Радовановиќ.

Настанот го заокружија генералниот директор Сашо Наумоски и претседателот на Управниот одбор Симон Наумоски, нагласувајќи важноста на заедништвото и ориентацијата кон резултати. Конференцијата ја потврди посветеноста на Витаминка кон развојот на човечкиот капитал и продажниот тим.
































НАСЕКАДЕ!
СТОБИ ФЛИПС

*Фокус на ...*

# Моќни и успешни: Тим билдинг на Витаминка на Копаоник

На прекрасниот Копаоник, во смирувачки и хармоничен амбиент, техничките сектори на Витаминка – Производство со одржување, Развој, Контрола и QA, го одржаа својот тридневен тим билдинг под мотото „Моќни и успешни“.
Тимот ги остави зад себе смените, униформите и секојдневните рутини за да се посвети на она што е највредно – поврзувањето, меѓусебната доверба и заедничкиот дух. Програмата опфати тим билдинг игри, активности на отворено и пикник во природа, овозможувајќи им на учесниците да се запознаат и надвор од работното опкружување.
Техничките сектори се срцето на Витаминка, токму од нив започнува секој производ и процес. Овој настан беше момент за излез од рутината и секојдневните предизвици што ги носи производството: работа во смени, строго дефинирани рокови и високо ниво на одговорност.
Токму затоа, фокусот на овој настан не беа на бројки и резултати, туку луѓето, тимот и заедништвото, како потсетник дека зад секоја успешна компанија стојат вработени кои веруваат во себе, во колегите и во целиот процес на работа.
Со вложување во луѓето, со јакнење на тимскиот дух и со креирање чувство на припадност, Витаминка продолжува да гради одржлив успех. Мотото „Моќни и успешни“ не е само слоган – тоа е начин на работа и живеење.



































*Актуелно кај нас*

# Соработка што трае - Витаминка на свечен прием на Амбасадата на Црна Гора

Витаминка учествуваше на одбележувањето на Денот на независноста на Црна Гора, организирано од Амбасадата на Црна Гора во Северна Македонија. На свечениот прием присуствуваше Симон Наумоски, Претседател на Управниот одбор на Витаминка, како знак на долгорочните релации со регионалните партнери.



Присуството на вакви значајни дипломатски настани претставува дополнителен поттик за продлабочување на соработката, а воедно ја потврдува заложбата на Витаминка за градење мостови на пријателство, доверба и економски развој во регионот.

Традицијата, квалитетот и партнерствата остануваат во срцата на работењето на Витаминка – вредности што постојано нè водат напред.

*Актуелно кај нас*

# Посета на високи дипломатски претставници во Витаминка

Во еден ден, при заедничка иницијатива Витаминка беше посетена од тројца амбасадори Жељаско Радуков, амбасадор на Бугарија во Република Македонија, Зоран Миљаниќ, амбасадор на Црна Гора во Македонија, како и Михалис Рокас, амбасадор на Европската Унија во Македонија.



За време на средбата, на дипломатите им беа презентирани историјата и успешното работење на компанијата, тековните и идните инвестиции, како и стратегиите за освојување нови пазари и зголемување на пласманот на производите на домашниот и странските пазари. Посетата беше одлична можност за размена на мислења за значењето на ваквите компании за економскиот развој, регионалната соработка и приближувањето кон европските вредности и стандарди. Амбасадорите ја изразија својата поддршка за натамошниот развој на Витаминка и го истакнаа значењето на ваквите успешни компании како амбасадори на македонската индустрија надвор од границите на земјата.

*Актуелно кај нас*

# Посета на Витаминка на амбасадорот Меидани - акцент на богатата традиција и идните потенцијали



Денион Меидани, амбасадорот на Албанија во Македонија беше во посета на Витаминка. За време на посетата на Прилеп, тој се сретна со претседателот на одборот на директори на Витаминка, Симон Наумоски. На средбата присуствуваа и Иван Стрезоски, директор на Финансии и Орде Ѓорѓиоски, директор на Сектор за правни и општи работи.

На средбата беше разговарано за потенцијалите на компанијата, нејзината репутација во регионот и можностите за раст и развој. Посебен акцент беше ставен на проширување на соработката и потенцирање на присуството на производите на Витаминка на албанскиот пазар.

„Со вистински пристап, брендови како Витаминка можат да станат вистински мост меѓу нашите пазари; изградени врз квалитет, традиција и регионална конкурентност. Секогаш е охрабрувачки да се видат локалните бизниси како растат, се поврзуваат преку границите и стануваат дел од поширока регионална приказна за успех и соработка", напиша амбасадорот Меидани на социјалните мрежи по посетата.

*Актуелно кај нас*

# Благодарница од Македонско-Германското стопанско здружение за 15 години успешно членство и партнерство




Долгорочните партнерства не се случајни. Тие се резултат на доследност, доверба, заеднички вредности и визија која се гради со години. Токму затоа, со особена чест и гордост ја примивме благодарницата од Македонско-Германското стопанско здружение (АНК Северна Македонија) за 15 години членство и успешна соработка.

Ова признание за нас претставува многу повеќе од симболичен гест – тоа е потврда за взаемната почит и континуираната определба за поврзување, размена на знаења и градење стабилни економски релации меѓу македонските и германските компании.

Витаминка отсекогаш се стремела да биде активен партнер во деловната заедница, со учество во значајни иницијативи, деловни форуми и проекти кои креираат вредност, не само за компаниите, туку и за поширокото стопанство.
Затоа, оваа 15-годишнина не ја доживуваме само како бројка – туку како поттик за уште поактивна иднина, нови соработки и заеднички успеси.
Искрено им благодариме на Македонско-Германското стопанско здружение за довербата и поддршката. Се радуваме на тоа што следува!

*Издвојуваме*

# Јакнење на лидерството и тимската работа

Од јануари до мај 2025 година, Витаминка реализираше Адижес работилници за развој на менаџерите. Темите вклучуваа комуникација, мотивација, донесување одлуки и водење состаноци. Пред работилниците, учесниците беа профилирани преку тестирања и интервјуа за да се идентификуваат нивните силни страни и области за развој.

Обуките се комбинација од предавања и интерактивни вежби, со активно учество на топ менаџерите од сите сектори на компанијата. Оваа програма ја потврдува посветеноста на Витаминка кон континуирано унапредување на лидерските способности и организациските перформанси.

Преку оваа програма, менаџерите добиваат практични алатки и знаења кои им помагаат да ги зајакнат тимовите и да го подобрат внатрешното работење, со цел Витаминка да продолжи да се развива како современа и успешна компанија.





*Издвојуваме ...*

# Регионална размена на знаења за безбедност и квалитет на храна




Како дел од заложбата за постојан професионален развој и усогласување со највисоките стандарди во прехранбената индустрија, Витаминка активно учествуваше на 18. Конференција за безбедност и квалитет на храна, која се одржа од 12 до 14 мај 2025 година во Опатија, Хрватска. Настанот, организиран од Хрватската стопанска комора, ги собра водечките експерти од целиот регион со цел размена на знаења и добри практики во областа на безбедноста, следливоста и одржливоста на храната.

Компанијата ја претставуваа Олга Ристеска, координатор за обезбедување на квалитет, Ангела Талеска, технолог во секторот за развој и Гордана Лазаревска, шеф на хемиска лабораторија. Тие беа дел од динамичната програма која вклучи предавања, панели и стручни работилници на теми како што се новите регулативи на Европската Унија, управување со ризици, иновации во безбедноста на храна, дигитализација на процесите и влијанието на климатските промени врз квалитетот на храната.

За тимот на Витаминка, оваа конференција претставуваше значајна можност за унапредување на знаењата, размена на искуства со колеги од регионот и воспоставување нови професионални врски со експерти и институции кои работат во областа на контролата и сигурноста на храната.

Преку учество на вакви стручни настани, Витаминка го зацврстува својот стратешки фокус на квалитет, безбедност и одржлив развој, останувајќи во чекор со современите предизвици и барања на пазарот.

*Издвојуваме ...*

# Повторно најпосакуван работодавач




Витаминка уште еднаш го потврди својот статус како еден од најпочитуваните и најпосакуваните работодавачи во земјава, добивајќи ја престижната награда „Најпосакуван работодавач во категорија производство на храна" за 2024 година од страна на порталот Vrabotuvanje.com.mk.

Ова признание е резултат на независно истражување спроведено од страна на порталот, каде што илјадници испитаници имаа можност да ги изразат своите ставови и искуства во однос на компаниите во Македонија. Според резултатите, Витаминка се издвојува како компанија која нуди стабилна работна средина, постојани можности за професионален развој, грижа за вработените и позитивна корпоративна култура.

„Витаминка се грижи за своите вработени и постојано инвестира во нив. На крај на денот финансиите не се најголемиот ресурс на ниту една компанија туку луѓето кои секој ден одбираат да се надоградат и да станат подобра верзија на себеси. Особено сме горди на ова признание, бидејќи доаѓа директно од луѓето – оние што нè познаваат, нè следат и имаат доверба во нашата работа и вредности. За нас, ова е уште една потврда дека сме на вистинскиот пат", изјави Владимир Трпаноски, комерцијален директор во Витаминка.

Компанијата и понатаму останува посветена на создавање на стимулативна работна атмосфера и на поддршка на личниот и професионалниот раст на своите вработени. Преку постојани инвестиции во човечки ресурси и современи работни практики, Витаминка ја зацврстува својата позиција како еден од лидерите не само во прехранбената индустрија, туку и како пример за општествено одговорна и развиена организација.

*Во Витаминка*

# Design Thinking обука: Нов начин на размислување во Витаминка

Оваа пролет, Кире Јовески – Key Account Manager и Душица Неделкоска – Маркетинг и ПР координатор, како претставници на Витаминка учествуваа на обука за Design Thinking, методологија која охрабрува креативно решавање на предизвици. Преку интерактивни вежби и работа во тимови, се разработуваа идеи за подобрување на производи, процеси и искуства.

Сертифицирани професионалци ја реализираа обуката, применувајќи вистински сценарија и предизвици од самиот работен процес во фабриката. Ова искуство донесе свеж пристап кон иновацијата, со практични алатки кои веќе почнуваме да ги применуваме. Вложуваме во развојот на тимот, затоа што веруваме дека најдобрите решенија доаѓаат одвнатре.



*Во Витаминка*

# Витаминка на меѓународната сцена - Орде Ѓорѓиоски со стручно излагање на конференција за трудово право во Охрид

Директорот на секторот за правни и општи работи во Витаминка АД Прилеп, Орде Ѓорѓиоски зеде активно учество на Годишната меѓународна конференција на Здружението за трудово и социјално право на Северна Македонија. Настанот се одржа на 29 и 30 мај 2025 година во Охрид и претставуваше значајна платформа за размена на мислења и идеи меѓу водечките професионалци од областа на трудовото право.

На конференцијата учествуваа еминентни правници од судската власт, академската заедница, како и од правната практика. Темите што беа обработени се однесуваа на современите предизвици во областа на работните односи, законските измени и прилагодувањата на националното трудово право на глобалните трендови.

Во рамки на конференцијата, Ѓорѓиоски го презентираше својот стручен труд кој се однесува на прашањето за можноста за повторно вработување на лица кои веќе оствариле право на старосна пензија. Особено внимание посвети на начинот на пресметка на новата висина на пензијата во такви случаи, при што понуди и компаративен осврт на искуствата и практиките во други правни системи.

Со своето излагање, Ѓорѓиоски даде значаен придонес во правната дискусија за регулирањето на сè почестите случаи на активен трудов ангажман на пензионирани лица, тема што добива сè поголемо значење во контекст на демографските промени и потребата од искористување на стручниот кадар и по пензионирање.
Учеството на Витаминка преку својот претставник на оваа реномирана конференција уште еднаш ја потврдува заложбата на компанијата за следење и практикување на најсовремените правни решенија и нејзината посветеност кон развојот и примената на квалитетни човечки ресурси и правна регулатива.



*Во Витаминка ...*

# На „Марили Бизнис Форум 2025“ Поддршка за развој на туризмот и локалната економија

Под мотото „Туризмот – фактор за економски развој и конкурентност“ на 17 мај, во Скопје, се одржа престижниот „Марили Бизнис Форум 2025“, каде што Витаминка имаше чест да биде дел од настанот.
Компанијата беше претставена од Душица Неделкоска, Маркетинг и ПР координатор, и Гордана Симоноска, Шеф по набавка. Нивното присуство на форумот е во согласност со континуираната заложба на Витаминка да го поддржува развојот на економијата, руралниот туризам и гастрономската понуда како клучни двигатели на локалната конкурентност.
Настанот опфати три панел сесии кои ги отворија актуелните предизвици и можности во алтернативниот туризам, хотелската индустрија и ено-гастро концептот. Се отвори простор за дијалог и размена на искуства помеѓу експерти, менаџери и претставници од различни сектори, вклучувајќи и македонски и регионални компании од областа на туризмот и агроиндустријата.
Витаминка останува посветена на создавање на партнерства кои придонесуваат за одржлив развој, културна промоција и гастрономско збогатување на регионот. Горди сме што нашите претставнички имаа можност да разменат идеи и да бидат дел од иницијативи што ги поврзуваат храната, традицијата и туризмот во заедничка визија за поуспешна иднина.



*Во Витаминка ...*

# Во чекор со иновациите - ИТ тимот на Витаминка на DynamicsMinds 2025



Најголемата европска конференција DynamicsMinds 2025 посветена на Microsoft Dynamics 365 и Power Platform оваа година се одржа во Порторож, Словенија, од 26 до 28 мај. Овој значаен настан собра над 1000 професионалци од целиот свет, повеќе од 150 сесии, над 120 говорници, како и повеќе од 50 партнери и 40 Microsoft MVP-ја, кои ги споделија најновите иновации, искуства и најдобри практики од областа на дигиталната трансформација.

Претставници на Витаминка кои присуствуваа на ова значајно ИТ случување ја сочинуваа Васко Наумоски – ИТ менаџер, Дејан Пирганоски и Филип Кузманоски - ИТ администратори, како и Бранимир Димков – шеф на сметководство.

Активното учество на нашите колеги на вакви конференции придонесува кон продлабочување на техничките знаења и разбирање на современите алатки и решенија што Microsoft ги нуди, со цел поефикасно управување со процесите, подобрување на продуктивноста и забрзување на дигиталната трансформација во компанијата. Следењето на најновите трендови и континуираната едукација се дел од нашата посветеност за иновации и напредок, кои ја движат Витаминка кон уште поуспешна и поефикасна иднина во дигиталниот свет.

*Во Витаминка ...*

# Производите на Витаминка на престижниот China-CEEC Expo 2025 во Кина

Витаминка годинава беше дел од 4. издание на China-CEEC Expo & International Consumer Goods Fair (Меѓународен саем за потрошувачки производи), кој се одржа од 22 до 25 мај 2025 година во Нингбо, Кина. Настанот, кој претставува единствен национален институционален саем во Кина посветен на соработката со земјите од Централна и Источна Европа (ЦИЕ), на едно место собира стотици компании, со цел унапредување на трговијата и економската соработка со кинескиот пазар.

Претставник од Витаминка е Игор Рибар, подрачен шеф во извоз, кој во рамки на настанот ќе оствари значајни средби со потенцијални партнери и дистрибутери од Азија.

„Учеството на Витаминка на China-CEEC Expo е значаен чекор за отворање кон нови пазари и интернационализација на нашите брендови," изјави Рибар по пристигнувањето. „Настанот ќе ни овозможи директна промоција на нашите производи пред глобална публика и остварување контакти што може да резултираат со нови извозни договори. Кина е огромен пазар, а Витаминка има што да понуди – квалитет, традиција и прилагодливост", додава тој.

China-CEEC Expo 2025 се одржува под мотото „Нови визии за иднината". Големиот настан ќе вклучува церемонија на отворање, сесии за поврзување на бизниси, активности за промоција на инвестиции, културна размена и трговска изложба која ќе се простира на 80 илјади квадратни метри.

Присуството на Витаминка на ваков престижен саем ја потврдува посветеноста на компанијата кон проширување на своето меѓународно присуство, а истовремено претставува и вреден придонес за промоцијата на македонската храна и прехранбена индустрија во светски рамки.

Саемот China-CEEC Expo & International Consumer Goods Fair потекнува од иницијативата од 2013 година во Букурешт, кога беше предложено организирање на изложба на потрошувачки производи од ЦИЕ во Кина. Првиот саем се одржа во јуни 2014 година во Нингбо, а во 2019 доби статус на национален институционален саем, со официјално име China-CEEC Expo & International Consumer Goods Fair. Од 2019 до 2023 година, на саемот учество зеле повеќе од 3 000 компании од ЦИЕ, со над 10 000 различни производи.













*Во Витаминка ...*

# Меѓународен саем за пекарство, слаткарство и снекси IBA 2025

Ретки но уникатни и скапоцени се саемските манифестации кои што се специјализирани и посветени на одредена област. Таков е Меѓународниот саем за пекарската и кондиторската индустрија. На саемот, кој што се одржа во Дизелдорф, Германија, од 19 до 22 мај изложуваа 985 изложувачи од целиот свет, распоредени во 6 хали.
Претставниците од Витаминка, Илија Наумоски, Лидија Каранфилоска, Натали Петреска и Жарко Качаков, се запознаа но многу новитети и иновации во овој сектор, како и со технологија што е корисна и апликативна и во работата на Витаминка.
Од производители на лабораториски уреди за анализа на суровини и храна, на машини за процесирање на јајца, линии за кондиторската индустрија, миксери за тесто и стационарни печки за пекарска индустрија, мали машини за производство на колачи, машини и линии за производство на пекарски производи, бурек, пити, баклави, кадаиф, леб и слично, миксери за тесто и аератори за тесто, како и комплетни линии за мафини, торти и пити па се до спирални транспортни траки за акумулација на производи.
При тоа беа воспоставени и директни контакти со претставници од повеќе компании, кои се од интерес на работењето на Витаминка, во врска со нова опрема, решенија, технологии, суровини и амбалажа.








*Во Витаминка ...*

# Во чекор со светот - Ана на MoonWalk во Лондон




Нашата колешка Ана Кироваков учествуваше на MoonWalk London, инспиративен ноќен марш низ Лондон за подигање свест и поддршка во борбата против ракот на дојка. Како дел од иницијативата M says: Check Your Boobs фондацијата, Ана ја промовираше важноста на редовните прегледи и грижата за женското здравје.
Настанот, каде учесниците симболично носат украсени градници, ја изразува солидарноста и храброста. Преку Ана како наш вработен, и Витаминка симболично застана до жените кои се борат со оваа болест, покажувајќи поддршка и надеж за подобро утре.
Овој настан ја потврдува важноста на заедништвото и хуманоста во борбата против сериозни заболувања. Горди сме што Ана ја носи оваа порака и што преку нејзиното учество и ние како нејзини колеги се вклучуваме во поддршка на здравјето и благосостојбата на заедницата. Ваквите иницијативи ни даваат сила и инспирација да продолжиме да се грижиме и да дејствуваме за подобар живот на сите.

*Во Витаминка*

# Дискусија за искористување на податоците за праведна миграција и мобилност на работната сила



Орде Ѓорѓиоски, директор на правни и општи работи во Витаминка, зеде учество на панел дискусијата „Од истражување до политики: искористување на податоците за праведна миграција“ што се одржа на Економскиот факултет – Скопје.
Претставници од извршната власт, професори од академската јавност, менаџери и раководители од македонски корпорации дискутираа за тоа кои се тековните трендови на миграција, какво е нивното влијание врз пазарот на труд и кои се начините за усогласување на потребите и недостатоците од квалификувана работна сила.
Ѓорѓиески во своето излагање се осврна на потребите од дополнителни економски реформи,

вложување во образованието, создавање поволни услови за претприемништво, интернационални партнерства и мобилност на работната сила, со цел олеснување на регуларната миграција и размената на експертиза. Панел дискусијата беше организирана во рамки на семинарот „Обликување на шеми за одржлива миграција: сознанија од проектот Партнерства за вештини за одржливи и праведни модели на миграција (SKILLS4JUSTICE)“.

*Во Витаминка*

# Тимот на Витаминка на „Приштина Треилс“

На покана од Витаминка Трејд Косово, кои беа едни од главните спонзори на настанот, тим од Витаминка учествуваше на „Приштина Треилс“ маратонот, првиот и најголем фестивал за планинско трчање во Косово. Сместен е во прекрасниот парк Гермија - недопрено пошумено бегство на периферијата на Приштина. Од 2019 година, овој годишен настан ги собира планинските тркачи од сите нивоа за да се предизвикаат себеси на густи, живописни и возбудливи патеки, и истовремено да придонесат за одржувачка заедница. Освен трката, фестивалот се залага за клучна кауза „Гермија без автомобили!“ - застапувајќи се за парк без возила за да се обезбеди побезбедна, почиста и помирна средина за тркачи, планинари и љубители на природата.

Во овој несекојдневен настан тимот на Витаминка се приклучи и уште еднаш ја покажа својата еко свесност и одговорност. Жарко Качаков, Натали Петреска, Давид Нешкоски, Ана Кироваков се предизвикаа себеси на патеката од 10 километри, а Олга Ристеска се докажа на 23километарската патека.









*Во Витаминка*

# Поддршка за позитивно родителство и топол дом за секое дете




Македонскиот бренд Витаминка ја поддржа мисијата на СОС Детско село на настанот „Едно семејство", кој собра повеќе од 150 претставници од 50 компании посветени на обезбедување топол дом и љубов за децата без родителска грижа.

Акцентот беше ставен на „позитивно родителство" и јакнење на семејствата, со цел превенција на раздвојување на децата од нивните биолошки семејства. Почесен гостин беше амбасадорот на Австрија, Н.Е. Мартин Памер, кој најави зголемена поддршка од австриските компании.

На настанот беа доделени признанија на над 20 компании, меѓу кои и Витаминка, како активен поддржувач на оваа хумана иницијатива. Хуманоста и поддршката се вредности кои компанијата ги негува и надвор од производството, создавајќи подобри услови за иднината на децата.

*Во Витаминка*

# Витаминка на тркалезна маса за родово одговорни семејни политики

Во почетокот на јуни, учествувавме на тркалезната маса посветена на темата „Родово одговорни семејни политики", организирана од Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Програмата за родова еднаквост на UN Women. Настанот се одржа во Скопје и собра претставници од приватниот сектор, институции и граѓански организации.

Преку присуството на овој настан, ги споделивме искуствата и практиките што ги применуваме во рамки на нашата организација, поврзани со унапредување на рамнотежата помеѓу работниот и приватниот живот, еднаквите можности за сите вработени и создавање позитивна работна средина.

Ваквите иницијативи се важен чекор кон подигнување на свеста и практичното имплементирање на родовата еднаквост. Ќе продолжиме активно да учествуваме во дијалози кои придонесуваат кон подобрување на работните услови и општествената одговорност во компаниите.

*Витаминка и спортот*

# ATP Challenger Macedonian Open 2025 најпрестижниот тениски турнир во Македонија





ATP Challenger Macedonian Open 2025, како исклучителен спортски настан го постави Скопје на светската тениска сцена, собирајќи реномирани тенисери од целиот свет, млади ѕвезди и идни шампиони. На турнирот, кој се одржа од 18 до 24 мај на терените на Тенискиот клуб Југ во Градскиот парк во Скопје, присуствуваа илјадници љубители на тенисот, кои уживаа во врвен спорт, незаборавна атмосфера и натпревари исполнети со страст и енергија.
Како поддржувач на спортски и натпреварувачки активности, нашето присуство беше обележано со CakeUp Loop – совршен слатко-освежителен момент за сите присутни, кое донесе совршено освежување во надополнување на динамичната тениска атмосфера. Ваквите настани претставуваат важен чекор кон градење на видливоста и афирмацијата на спортската сцена во Македонија, а Витаминка ја презеде улогата на поддржувач и партнер. Преку ваквите соработки, веруваме дека се создаваат нови можности за промоција на спортот, мотивација за рекреација и позитивни вредности кај младите генерации.
Во соработка со Тениската федерација на Македонија, Витаминка останува посветена на поддршка на значајни спортски иницијативи кои го збогатуваат нашето спортско општество и ја позиционираат Македонија на меѓународната спортска мапа.

*Витаминка и спортот*

# Македонија центар на џудото во Европа

Витаминка уште еднаш ја потврди својата определба за поддршка на младите и спортскиот дух, како долгогодишен партнер на Џудо федерацијата на Македонија. Со гордост и посветеност, компанијата беше дел од Европското првенство во џудо за кадети, што се одржа во Скопје, пренесувајќи порака за важноста на спортот, дисциплината и здравите навики кај младите генерации.
Под мотото „Младите ѕвезди на иднината“, настанот привлече впечатливи 42 земји и преку 500 учесници учесници, додека бројката на гости надмина 800.
Претседателот на Џудо-федерацијата на Македонија Владимир Трпаноски ја истакна важноста на настанот за промоција на земјава и на џудото како уникатен спорт: „Првпат Македонија е домаќин на европско првенство во




џудо и горди сме што ги отвораме нашите врати за талентираните млади џудисти и посветените поддржувачи од целиот континент. Џудото нè учи на дисциплина, почит и на стремеж кон совршенство, вредности што длабоко ги негуваме. Ова првенство ќе биде прослава на младоста, решителноста и иднината на нашиот сакан спорт. Возбудени сме што ги гледаме ѕвездите во подем на европското џудо како се натпреваруваат со страст и спортски дух и веруваме дека татамито во Скопје ќе стане сцена за незаборавни достигнувања и доживотни спомени. Неизмерно сме им благодарни на Европската џудо-унија и на претседателот Ласло Тот што ни ја доверија организацијата на ова важно натпреварување. Нашиот организациски тим, волонтери, партнери и спонзори, работеше со неверојатна посветеност за да се осигури дека вашето искуство овде не е само професионално организирано туку и исполнето со топлина и гостопримство. До сите спортисти: пристапете кон ова првенство со храброст, фокус и со вистинскиот дух на џудото. До тренерите, службените лица и гостите: благодариме за вашата посветеност на нашиот спорт и што сте дел од оваа посебна пресвртница за Македонија. Добре дојдовте во Скопје! Ова првенство нека биде извор на инспирација, единство и пријателство за сите, наведе во писменото обраќање Трпаноски.

Како традиционален соработник на федерацијата, Витаминка ја продолжи својата мисија на охрабрување и промоција на џудото како спорт кој гради карактер, упорност и почит. Преку својата поддршка, компанијата даде придонес на овој значаен спортски настан, кој го собра вниманието на цела Европа и донесе рекорден број учесници во Скопје.

Првенството претставуваше не само можност за спортска пресметка, туку и платформа за афирмација на Македонија како домаќин на меѓународни спортски случувања. Поддршката од Витаминка беше препознаена како клучна во реализацијата на настанот, кој помина во одлична организација, високи стандарди и позитивна атмосфера.

Со постојано вложување во младите и нивниот развој, Витаминка останува верен поддржувач на спортските вредности и продолжува да биде мотиватор за новите генерации талентирани спортисти кои ја претставуваат земјата на највисоко ниво.

*Витаминка и спортот*

# Злато за Македонија од златното момче од Прилеп

Прилепчанецот Георги Николоски го освои првото место на финалето на меѓународната олимпијада „NEO Science Olympiad“, учествувајќи во категоријата природни науки (тест составен од задачи по физика, хемија и биологија). Со ова младиот Николовски ѝ го донесен на Македонија златниот медал, покажувајќи дека и нашата земја може да биде прва и во конкуренција со најдобрите.

Натпреварот се одржа во периодот од 10 до 16 јуни 2025 година, Њујорк каде повеќе од 550 натпреварувачи од целиот свет ги одмерија силите во областа на науката. Георги Николоски беше единствениот учесник од Македонија и успеа да се искачи на самиот светски научен врв.

„Чест ми е што ја имав оваа можност да ја претставувам Македонија и да покажам дека сме дел од глобалната научна сцена. Овој успех го посветувам на сите кои веруваа во мене, особено на моите родители, пријатели и роднини“, напиша Георги на неговиот Фејсбук профил.

Ова е голем успех не само за него лично, туку и за целата држава, која преку неговото учество доби силна потврда дека има таленти со светски капацитет.

Зад оваа победа стои и значителна поддршка од неколку општествено одговорни компании и институции, кои не само што финансиски помогнаа, туку и со својата доверба и охрабрување придонесоа овој сон да стане реалност. Една од тие компании е и Витаминка, симбол на традиција, квалитет и иновација во прехранбената индустрија но и компанија каде научните дострели и успехот во секој облик на едукација, се високо ценети.

Овој настан не е само лична победа, туку и доказ дека вложувањето во младите, науката и знаењето секогаш носи резултати од кои сите можеме да се гордееме. Македонија беше, е и ќе остане дел од светската научна мапа.



*Витаминка и спортот*

# Витаминка второ место во Бизнис лигата во мал фудбал - Прилеп 2025




По повеќе од 8 месеци натпреварувања, изиграни над 25 натпревари екипата на Витаминка го освои второто место во Бизнис лигата во мал фудбал во Прилеп. Турнирот започна во октомври и вклучуваше 17 кола по систем „секој со секого", по што следеше елиминационен плеј-оф.

Витаминка имаше одлични резултати:

1/16 финале: Витаминка - Пошти 3:0
1/8 финале: Витаминка - Кабелнет 3:0
1/4 финале: Витаминка - Мермер 3:1
1/2 финале: Витаминка - Електроелемент Паркетари 4:1

Финалниот натпревар против СОНК се одигра во салата „Еврогол-арена" кај Градскиот базен, на последниот ден од лигата што собра 18 екипи, меѓу кои и поранешни првотимци на ФК Победа.

Учеството на Витаминка беше водено од желбата за промоција на спортски дух, здрави навики и нови пријателства во заедницата. „Целта ни беше фер и коректна игра, да бидеме позитивен пример за Прилеп. Покажавме дека сме фер и спортска екипа во која владее тимски дух, со цврст карактер, без ниту една црна дамка во било кој сегмент како на теренот така и надвор од него, а тоа е днк на една од најуспешните компании во Прилеп, Македонија и Балканот – Витаминка", велат од екипата.

Витаминка ја заврши сезоната гордо, како финалист и како поддржувач на спортот во Прилеп.



*Витаминка и спортот*

# Соработка со Фудбалска федерација



Започнавме ново партнерство со Фудбалската федерација на Македонија (ФФМ), преку кое ја поддржуваме Детската фудбалска лига, најголемата платформа за младински спорт во земјава, насочена кон развој на здрави, активни и мотивирани генерации. Детската лига претставува уникатна можност за илјадници деца да се вклучат во организирана спортска активност, да го зајакнат тимскиот дух и да ги изградат основните вредности преку игра, натпревар и соработка.
Нашето учество во оваа иницијатива ја продолжува долгорочната определба да бидеме партнер на заедницата и поддржувач на активности што придонесуваат за физичкиот и менталниот развој на најмладите.
Во рамките на соработката, и производите на Витаминка ќе бидат дел од промотивни и едукативни активности. Заедно со ФФМ, вложуваме во иднината на младите спортисти и во создавање средина каде што спортот, едукацијата и вредностите одат рака под рака.

*Фестивали и спонзорства*

# Фестивал на адреналинот, стилот и пасијата: Прв Car Show во срцето на Прилеп




Прилеп за првпат стана домаќин на едно вистинско автомобилско шоу кое ги надмина сите очекувања! Под ведрото мајско небо, на 18 мај, градот се претвори во центар на моќ, хром, гласен рев и автентичен стил. Преку 150 автомобили, уникати од Македонија и странство, пристигнаа за да бидат дел од првиот Car Show, организиран од ентузијастите од здружението Brotherhood.
Настанот беше далеку повеќе од изложба. Тоа беше фестивал на адреналинот, стилот и пасијата. Од класични ретро модели што раскажуваат историја, до супермодерни машини што ветуваат иднина – Car Show Прилеп ја обедини авто културата во сите нејзини облици.
И ние бевме таму! Со голема гордост и искрена енергија, ја поддржавме оваа иницијатива што го слави ентузијазмот, креативноста и младешкиот дух. Нашата поддршка беше насочена кон создавање простор каде секоја вртежна моќ, секој храбар дизајн и секоја љубов кон автомобилите ќе може да блесне пред јавноста.

Но, најголемата моќ на настанот не се мереше во коњски сили, туку во заедништвото, во насмевките на посетителите, во љубопитните деца што сонуваат да возат нешто свое и во аплаузите за секој мотор што рикаше со страст.
Car Show Прилеп не беше само прв, туку стана и незаборавен. А ние сме тука да ги поддржуваме тие моменти кога младите ентузијасти ја полнат заедницата со инспирација и нова енергија.
Ова е само почеток. Следниот рев на моторите веќе нѐ повикува.






*Фестивали и спонзорства*

# Се одржа Детскиот фестивал „Поточиња 2025“




На 12 и 13 април, бевме дел од 22-то издание на Детскиот фестивал „Поточиња“, кое се одржа во Македонската филхармонија. Настанот донесе нови детски песни, креативни сценски настапи и многу насмевки, а салата беше исполнета со деца, родители и гости кои уживаа во атмосферата.
Нашето присуство на фестивалот беше во рамки на активностите насочени кон поддршка на детски развој и култура. Стоби Флипс заедно со маскотата мачорот Флип беа претставени во фестивалскиот простор, а посетителите имаа можност да се запознаат со нашите производи.
Фестивалот вклучи и иницијатива за хуманитарна помош, дел од средствата беа наменети за семејства на кои им е потребна помош. Сметаме дека ваквите настани имаат поширока вредност, покрај забавата и музиката, пренесуваат важни општествени пораки и охрабруваат солидарност.
Продолжуваме да бидеме присутни таму каде што се гради позитивно општествено влијание, особено кога се работи за деца и млади. Учеството на „Поточиња 2025“ беше уште една можност да бидеме блиску до оние за кои создававме од првиот ден.

*Фестивали и спонзорства*

# Концерт на хорот „Мали Ангели“ во Прилеп






Витаминка со гордост го поддржа концертот на детскиот хор „Мали ангели“, кој се одржа на Камената Бина на плоштадот „Александрија“ во Прилеп и донесе вистинска музичка магија за публиката. Со присуството на овој настан, Витаминка уште еднаш ја истакна својата посветеност кон развојот на младите и унапредување на културниот живот во заедницата.

Настанот, исполнет со детска енергија и креативност, беше организиран на високо ниво, а публиката уживаше во изведбите и во препознатливите производи на Витаминка. Преку оваа иницијатива, Витаминка продолжува да биде активен поддржувач на значајни општествени проекти што носат вредност и радост.

*Детски фестивал Весели ѕвончиња*

# Повторно поддршка за најмалите таленти




На 4 јуни, во НУЦК „Марко Цепенков“ во Прилеп се одржа детскиот музички фестивал „Весели ѕвончиња by JANA“, кој собра млади таленти од повеќе градови низ државата. Фестивалот понуди динамична програма, нови детски композиции и сценски настапи поддржани од публика исполнета со енергија и насмевки.

Витаминка беше присутна и на оваа детска манифестација. Најмладите учесници и гости имаа можност да уживаат во нашиот омилен Стоби Флипс, кој го споделивме со сите присутни како мал гест за дополнителна радост. Со ова се придруживме на детската атмосфера и придонесовме за пријатно фестивалско доживување.

# Во срцето на македонскиот театар - 59. издание на фестивалот „Војдан Чернодрински“ низ уметност, емоции и традиција





Витаминка и оваа година беше дел од најзначајниот театарски настан во земјата, Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“, кој по 59-ти пат се одржа во Прилеп, град кој живее со театарот, уметноста и културната традиција.

Фестивалот се одржа од 6 до 13 јуни во Центарот за култура „Марко Цепенков“, каде што преку бројни претстави и драмски остварувања се славеше силата на актерската игра и режисерската визија. Во фестивалската програма учествуваа театарски куќи од цела Македонија, а на сцената се изведоа претстави кои го отсликуваат богатството и актуелноста на македонската драмска уметност.

На свеченото затворање беа доделени награди на најуспешните уметници и претстави. Претставата „12“ на Македонскиот народен театар (МНТ) ја понесе главната награда за најдобра претстава во целина, како и специјалната награда за колективна актерска игра. Овој триумф беше особено значаен бидејќи годинава МНТ одбележува 80 години постоење.

Извонредни беа и индивидуалните награди, како наградата за најдобра главна женска улога што ја понесе Марија Минчева Андонов, за претставата „Сите прекрасни нешта“ на штипскиот театар. Најдобрата главна машка улога отиде кај Мартин Мирчевски, за улогата во „Црно семе“ на битолскиот театар. Наградата „Димче Трајковски“ за епизодна улога ја доби Оливер Митковски за претставата „12“ а наградата „Филип Стефановски“ за најдобра музика му беше доделена на Сашко Костов, за музиката во претставата „Рацин“ на велешкиот театар.

Во чест на наградените, фестивалот заврши со изведба на претставата „Вистината“ од театар Комедија, во режија на Владимир Јурц.

За Витаминка, поддршката на „Војдан Чернодрински“ не е само спонзорство, тоа е дел од нашата долгорочна заложба да придонесуваме кон развојот на македонската културна сцена. Уметноста е суштински дел од колективниот идентитет, а фестивалот во Прилеп ја обединува драмската енергија од сите делови на земјата. Сметаме дека токму ваквите фестивали се темелот за унапредување на македонската културна сцена и дека преку континуирана поддршка можеме заеднички да изградиме посветла културна атракција.

Веруваме дека преку континуирана поддршка на културни настани како овој, придонесуваме кон создавање подобро општество, инспиративна средина и уметничка иднина што инспирира генерации.

*Вложуваме во образование*

# Сите ученички посети на Витаминка





















СТОБИ
ФЛИПС




СТОБИ
ФЛИПС


СТОБИ
ФЛИПС

*Вложуваме во образование*

# Таму каде што почнуваат соништата: Стоби Флипс со децата под Исарот




Штип повторно пулсираше во ритамот на детската радост, смеа и спортски дух. Градот под Исарот се претвори во мала олимпијада на младоста, каде патеките не беа само за трчање, туку и за градење на самодоверба, пријателства и идни херои.
На манифестацијата „Децата под Исарот" учествуваа околу 700 дечиња од 4 до 14 години, кои со трчање и нескротлива енергија покажаа дека спортот е најубавата игра. За нас, преку брендот Стоби Флипс, беше чест да бидеме генерален спонзор на овој настан кој сѐ повеќе станува симбол на детската активност и заедништво.
Нашата поддршка не беше само логистичка, туку беше искрена заложба за создавање безбедна, инспиративна и топла атмосфера, каде секое дете ќе се чувствува како победник.
Особена вредност на овој настан му даде и неговата хуманитарна димензија: сите собрани средства ќе бидат донирани, чин што уште еднаш потсетува дека спортот е повеќе од игра, тоа е начин да се гради подобро општество.
Веруваме дека секоја подадена рака, секое охрабрување и секој аплауз значат многу за децата кои денес трчаа и затоа ние бевме таму. Да ја поддржиме нивната енергија, нивните соништа и нивното здравје. Стоби Флипс останува верен сојузник на детството – таму каде што започнуваат победите на иднината.

*Детски фестивал Весели ѕвончиња*

# Креативна синергија: Витаминка + Пајак + Loop

Соработката помеѓу Витаминка и Пајак претставува спој на иновација во вкусови и современата урбана супкултура. Пајак, познат по својот уникатен уметнички израз, внесе свежина и оригиналност во кампањата за Loop, новиот производ на Витаминка. Рекламата ја истакнува динамичноста и младешкиот дух на Loop, прикажувајќи го производот во контекст на урбаниот животен стил и креативноста која ја носи со себе.
Loop е новата енергија во светот на вкусовите. Наменет за младата и активна популација. Со својот освежителен вкус и модерен дизајн, Loop брзо стана омилен избор меѓу потрошувачите кои бараат нешто

ново и возбудливо. Преку оваа кампања, Витаминка успеа да го позиционира Loop како симбол на енергија, креативност и современ животен стил.
Рекламата за Loop, резултат на соработката со Пајак, привлече големо внимание на социјалните мрежи и медиуми. Потрошувачите ја поздравија свежината и иновативноста на кампањата, истакнувајќи ја како пример за успешна интеграција на уметноста во маркетингот. Оваа кампања не само што го зајакна брендот Loop, туку и ја потврди посветеноста на Витаминка кон поддршката на домашните уметници и промоцијата на македонската креативност.
Преку оваа кампања, Витаминка уште еднаш покажа дека е лидер во иновациите и поддршката на македонската култура и уметност.



*Вложуваме во образование*

# Прв CASSINI хакатон во Македонија

На 17 и 18 мај, учествувавме на првиот CASSINI Хакатон во Македонија, одржан во ИТ хабот Netaville во Скопје, под покровителство на Европската комисија и EUSPA – Агенцијата на ЕУ за вселенска програма.
Како компанија која постојано инвестира во иновации, млади таленти и иднината, бевме дел од овој значаен настан кој ги поврза здравствената, технолошката и стартап заедницата во насока на создавање решенија на тема „Вселената во поддршка на здравството“.
Им честитаме на сите учесници за нивната енергија и иновативност и на организаторите за беспрекорната реализација!
Настанот уште еднаш ја потврди важноста од соработка помеѓу компаниите и младите професионалци за создавање одржливи решенија со реална примена.



*Вложуваме во образование*

# Под отворено небо, со вкус на радост - Цевитана и Loop на Scoop Picnic Day

Градскиот парк во Скопје на 1 јуни пулсираше во ритамот на урбана релаксација, боите на летото и детската смеа. Scoop Picnic Day започна како пикник но потоа стана празник на спонтаноста, на заедничките моменти и на искреното уживање во сè што прави еден ден незаборавен.

Во срцето на ова случување, на тревникот пред Scoop, се најдоа и нашите брендови Цевитана и Loop, носејќи освежување, боја и позитивна енергија за сите генерации. Додека најмладите со широка насмевка се забавуваа, возрасните пронајдоа свој момент на мир под сенките на дрвјата, со шише Цевитана во рака и со Loop за вкусна комбинација.

Ова не беше само присуство, туку целосно уживување во културата на градот. Scoop Picnic Day беше вистинска манифестација на урбаниот дух, со опуштени разговори, музика во живо, арома на храна, џезирање на ќебиња... И во сето тоа, Цевитана и Loop природно се вклопија, токму таму каде што се раѓаат спомените.

Преку ова учество, уште еднаш потврдивме дека сме тука кога се слави животот било тоа преку детска игра, носталгија или нов вкус што ја буди радоста.

Scoop Picnic Day ни покажа дека брендовите не живеат само на полиците туку и таму каде што се луѓето, таму каде што се моментите. А ние сме тука со нив, со вас. За секој ден да биде барем малку пикник.






# Мачорот Флип на МТФ














Cake Up!
LOOP
VITAMINKA
Banana
Cake Up!
LOOP
Strawberry
Cake Up!
LOOP
Chocolate
Cake Up!
LOOP
ЌЕ САКАШ
УШТЕ!